# Заеднички железнички граничен премин- Табановце

**Земја:** Северна Македонија

**Број на проект:** 54676

**Деловен сектор:** Инфраструктура Европа

**Вид на инвестиција:** Кредит одобрен на државата

**Еколошка категорија**: Б

**Планиран датум на одобрување:** 18 октомври 2023

**Статус:** Пред одобрување

**Објава на Резимето на проектот:** 10 јули 2023

## Опис на проектот

Обезбедување на суверен кредит во износ до ЕУР 5 милиони на Република Северна Македонија (,,Позајмувач’’) за финансирање на заедничкиот железнички граничен премин (,,ЗЖГП’’) во Табановце (,,Проектот’’), границата помеѓу Северна Македонија и Србија, на железницата на Коридор 10, која е дел од продолжувањето на ТЕН-Т мрежите на Западен Балкан. Средствата од кредитот ќе послужат за финансирање на надградбата на постоечката зграда на железничката станица и изградба на дополнителни згради, вклучувајќи пристапен пат во должина од приближно 900 метри. Проектот ќе биде ко-финансиран преку ЕУ инвестициски грант од Инвестициската рамка за Западен Балкан (,,ВБИФ’’).

# Цели на проектот

Проектот ќе придонесе кон подобрување на регионалната поврзаност и интеграција на железничкиот Коридор 10. Клучната цел на Проектот е да се олеснат процедурите при премин и тоа да се намали времето на чекање на граничниот премин, преку преминување на границата на едно место („една точка на застанување"). Ваквото градење на нови капацитети помеѓу двете земји ќе придонесе кон оптимизација на процедурите на границата како и царинската контрола, што ќе води кон поефикасно, олеснето, брзо и ефикасно работење на различните институции и органи присутни на граничниот премин. Проектот, исто така, ќе придонесе и кон подобрување на енергетската ефикасност преку инвестиции за подобрување на енергетската ефикасност, кои ќе бидат инкорпорирани во деталниот дизајн на зградите и при инсталирањето на фотоволтаичните панели на покривите на зградите. Важно е да се напомене и дека, проектот е дел од „Агендата за Поврзаност" на Европската Комисија, во која една од приоритетните мерки е подобрена ефикасност во процедурите на граничните премини, преку воспоставување на заеднички железнички граничен премин во земјите на Западен Балкан.

# Влијание врз транзицијата

ЕТИ 68

• **Примарен квалитет**: Интегрирани - Проектот ќе помогне во олеснување на процедурите на преминување на границата на станицата Табановце помеѓу Северна Македонија и Србија, и ќе ја подобри регионалната поврзаност. Новиот заеднички граничен премин ќе овозможи подобар и побрз патнички и товарен железнички транспорт на преку граница.

• **Секундарен квалитет:** Зелен – Проектот ќе опфатени услов финансираните згради да бидат сертифицирани со барем една класа повисоко ниво од Сертификатите за енергетска работење („СЕР") од минималните барања од националната регулатива. Околу реконструкцијата на постоечките згради, активностите на реновирање ќе овозможат намалување на примарната побарувачка на енергија за најмалку 30%. Дополнителна енергетската ефикасност ќе се добие со инсталирање на фотоволтаици („ФВ") на покривите на зградата.

# Информации за клиентот

СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СУВЕРЕН

Позајмувач е Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за финансии („МзФ"). Министерството за транспорт и врски („МзТиВ") ќе биде

одговорно за имплементација на Проектот, како Агенција за имплементација за проектот.

## Финансиско учество на ЕБОР

ЕУР 5.000.000,00

Државен заем од ЕБОР во износ до ЕУР 5 милиони.

## Вкупна вредност на проектот

ЕУР 7.400.000,00

• Кредит на ЕБОР: ЕУР 5 милиони

• Инвестициски грант на ВБИФ: ЕУР 2,4 милиони

## Еколошко и социјално резиме

Проектот е категоризиран со оценка -Б- согласно Прирачникот за еколошки и социјални политики на ЕБОР (2019), бидејќи еколошките и социјални (,,ЕиС'') влијанија со надградбата на постоечките згради на железничката гранична станица, како и изградбата на нови згради и изградба на пристапен пат од 900 метри, проценети како специфични за таа локација, кои ќе бидат управувани од одговорен менаџерски систем, кој ќе треба да биде запазен од Изведувачот на Проектот, под супервизија на Агенцијата за имплементација.

Иницијалната еколошка и социјална проценка е направена во 2018 година. Истата беше ревидирана согласно натамошната интерна проценка и посета на локацијата на Проектот, во ноември 2022 година, каде беа разгледани контекстуалните ризици, кои индицираа дека една од најсензитивните социјални точки - Транзит кампот Табановце, има намалени активности и има отстрането значаен број на згради, кои претходно служеле за поголем број привремени мигранти. Помалиот број на мигранти значи дека ризикот поврзан со достапноста на земјиштето не се смета за релевантен и единствените влијанија на Транзит кампот се поврзани со преселување на привремените згради (контејнери) на други места на земјиште во државна сопственост. Наодите од иницијалната еколошка и социјална проценка, кои вклучуваат мерки за ублажување на големите еколошки е социјални влијанија, останууваат релевантни. Истите се ажурирани за да бидат во согласност со

моменталните Спецификации на Изведба (,,СИ''), согласно моменталната Еколошка и социјална политика на ЕБОР од 2019 година. Еколошкиот и социјален Акционен План (,,ЕСАП'') е подготвен со цел да обезбеди структуирање на Проектот согласно СИБ и ќе се користи за мониторинг на усогласеноста на Проектот. ЕСАП-от е усогласен и договорен со клиентот.

Позитивните влијанија поврзани со Проектот се поврзани со подобрување на ефикасноста и брзината на границата, креирање на ,,една точка на запирање'' на железничката мрежа со соседните држави, а истата е цел во плановите за подобрување на железничкиот сектор.

Клучните влијанија се поврзани со еколошките аспекти, кои најчесто се поврзани со изградба, вклучувајќи сообраќај, квалитет на воздух и прашина, бучава и вибрации, вода и управување со отпадот. Влијанијата врз флората и фауната се очекува да бидат занемарливи, со оглед на ограниченото користење на земјиштето надвор од постоечкиот нацрт на инфраструктурата на станицата. Зградите ќе бидат проектирани за да ги задоволат стандардите на енергетска ефикасност, а специфичните барања ќе бидат вклучени во деталниот нацрт. Изведувачот и трудовиот менаџментот, заедницата, влијанијата врз здравјето при работа, безбедноста и културата, претставуваат главни социјални влијанија. Истите ќе бидат управувани преку Еколошкиот и социјален акциски план, Политики за човечки ресурси, Код на однесување и Планови за здравје и безбедност , и се вклучени во Еколошкиот и социјален акциски план. При процената не беа идентификувани влијанија врз културното наследство. Ќе бидат развиени процедури, како дел од ЕСАП-от, во случај на било какви неочекувани откритија на предмети или локации кои се културно наследство, при активностите на изградба. Агенцијата за имплементација ќе биде одговорна за проценка на потенцијалните влијанија поврзани со родовите, како и насилство и малтретирање по родова основа, сето како дел од ЕСАП. Нема идентификувани влијанија за физичко или економско разместување. Истото ќе биде верификувано во финализирање на деталниот план. Доколку има потреба од земјиште, Рамката за стекнување со земјиште ќе биде искористена за развој на јавен План за реставрирање на живеењето (,,ПРЖ''). ПРЖ, доколку е потребно, ќе ги опфати сите идни процеси на набавка, поврзани со економското разместување согласно БП5 на ЕБОР. Мерките за справување со ризикот од ПВ ланецот на набавка се инкорпорирани во ЕСАП-от и ќе бидат вклучени во идните процеси на набавка, кои ќе вклучат модул на набавувач, согласно Менаџмент пристапот за проекти од јавниот сектор (CS/FO/21-35).

Направени се прелиминарни консултации, кои ќе се користат како основа за објавување на напорите, базирани на ажурираната верзија на Планот за ангажман на учесниците, кој ќе вклучи не-техничко резиме на проектот.

Надгледувањето на Проектот ќе биде преку комбинација на посети на локацијата и ревидирање на годишните Еколошки и социјални извештаи, доставени од клиентите.

# Техничка соработка

**Пред потпишувањето:**

Техничка помош 1: Студија на изводливост финансирана од ВБИФ;

**После потпишувањето:**

Техничка помош 2: Поддршка за имплементација на Проектот и услуги за супервизија на реализацијата на Проектот.

# Додадена вредност

Додадената вредност на Банката доаѓа од (1) обезбедување на финансирање со подолг рок на отплата, кој не е достапен на пазарот преку комерцијални извори, по разумни услови и одредби; (2) намалување на ризици од транзиција кон јаглерод (3) најдобри меѓународни стандарди на набавка и (4) обуки за родово справување за заинтересирани страни и власти на заедничката граница.

# Информација за клиентот

Светланка Поповска

svetlanka.popovska@mtc.gov.mk

+389 2 3145 513

http://mtc.gov.mk/

Улица ,, Плоштад Црвена скопска општина'' број 4, 1000 Скопје, Северна Македонија

# Разбирање на транзицијата

Натамошни информации во врска со пристапот на ЕБОР кон влијанието врз транзицијата, може да се провери тука.

# Деловни можности

За бизнис можности или набавки, контактирајте ја компанијата клиент.

За бизнис можности со ЕБОР (кои не се поврзани со набавка) јавете сé на

Тел.:+44 20 7338 7168
Електронска адреса: projectenquiries@ebrd.com

За проекти на Банката со државата, проверете на Набавки на ЕБОР:

Тел.: +44 20 7338 6794
Електронска адреса: procurement@ebrd.com

# Општи прашања

За прашања околу проектите можете да не контактирате преку онлајн Образецот за прашања за ЕБОР.

# Еколошки и социјални политики (ЕСП)

ЕСП и релевантните Барања за работење (БР) ги воспоставуваат практиките преку кои ЕБОР ги имплементира обврските за промовирање на ,,еколошки стабилен и одржлив развој”. ЕСП и БР вклучуваат специфични одредби за клиентите, кои треба да ги следат, заедно со применливите барања од локалните закони за јавно информирање и консултациите, како и воспоставување на механизми за жалба кои треба да ги добијат и да изнајдат решение за забелешките и поплаките на клиентите и засегнатите страни, особено за еколошкото и социјалното работење на клиентот и самиот проект. Пропорционално со природата и рамката на проектниот еколошки и социјален ризик и влијание, ЕБОР дополнително бара клиентитеда објават информации, согласно релевантните пракси, кои се поврзани со ризиците и влијанијата кои се појавуваат во проектите, да превземат разумни консултации со учесниците во проектот, и да ги разгледаат и да одговорат на поставените прашањата.

Повеќе информации за праксите на ЕБОР поврзани со оваа проблематика може да пронајдете тука.

# Интегритет и усогласеност

Канцеларијата на Главниот службеник за усогласеност (КГСУ) на ЕБОР, промовира добро владеење и обезбедува услови за имплементирање на највисоките стандарди на интегритет за сите активности на Банката, согласно најдобрите меѓународни пракси. Проверката на интегритетот се врши на сите клиенти на Банката, со цел да се обезбедат услови, проектите да не претставуваат неприфатлив ризик за интегритетот или репутацијата на Банката. Банката верува дека идентификувањето и разрешувањето на проблемите во фазите на одобрување на проектот, се најефикасни средства за обезбедување на интегритетот на трансакциите на Банката. КГСУ игра клучна улога во овие заштитни

напори, но помага и во проверување на ризиците поврзани со интегритетот на проектите во пост-инвестициската фаза.

КФСУ е одговорна и за испитување на обвинувањата за измама, корупција и лошо владение во проектите кои се финансирани од ЕБОР. Било кој во или вон Банката, кој се сомнева дека има измама или корупција, треба да достави писмена забелешка до канцеларијата на Главниот службеник за усогласеност, на електронска адреса на compliance@ebrd.com. Сите работи кои ќе бидат пријавени, ќе бидат обработени од страна на КФСУ и ќе следи одговор. Сите пријави, вклучувајќи ги и анонимните, ќе бидат разгледани. Приговорите може да бидат поднесени на било кој јазик кој се користи во Банката или јазик каде Банката има свои канцеларии. Доставените информации мора да бидат за општа добра намера.

# Пристап до Политика на информации (ППИ)

ППИ пропишува како ЕБОР ги објавува информациите и се консултира со учесниците во проектот, со цел да промовира подобро спознавање и разбирање на стратегиите, политиките и проектите, следствено нивното стапување на сила од 1 јануари 2020 година. Ве молиме проверете на овој линк Пристап до политики за информирање , за да дознаете кои информации се достапни на веб страната на ЕБОР.

Посебни барања за информации може да се доставаат преку Формуларот за прашања за ЕБОР .

# Независен механизам на приговори за проектот (НМПП)

Доколку справувањето со забелешките на клиентите или Банката, околу еколошките, социјалните и јавните објави на информации не се успешни (на пример, преку механизмите на жалба на ниво на клиент - проект или преку директна интеракција со менаџментот на Банката), поединците и организациите може да бараат нивните забелешки да се разгледаат преку релевантниот независен механизам на приговор за проекти на ЕБОР, креирани за оваа намена.

НМПП на ЕБОР, независно ги разгледува аспектите на Проектот кои се верува дека предизвикале (или има веројатност дека ќе предизвикаат) штета. Целта на механизмот е да поддржи дијалог помеѓу учесниците во Проектот во разрешување на аспектите од еколошки, социјални и јавни објави на информации; да определи дали Банката ги испочитувала Еколошките и социјалните политики или одредбите кои се поврзани со проектот, во однос на Пристапот до политиките на информирање , и онаму каде што е релевантно, да се справи со било кои постоечки неусогласености со овие политики, истовремено превенирајќи идни неусогласување со Банката.

Ве молиме посетете ја веб страната за Механизми за проекти кои можеме да ги финансираме, за да дознаете како да доставите поплака преку доверливиот образец достапен онлајн, директно преку електронска адреса, онлајн електронска адреса или телефон. НМПП Ви стои на располагање за да разговара за Вашата загриженост околу оваа проблематика и да одговори на било кое прашање околу доставување или справување со поплаките, а е согласно Политиката за финансирање на проект и Упатствата. Идентитетот на доставувачите на поплаката може да се чува како доверлив, доколку истото е побарано од подносителот на поплаката.